Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

Бр. 43-8702/3
Скопје 16.10.2018 година

Влада на Република Македонија
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022

ДО: Македонски центар за меѓународна соработка
ул. Никола Парапунов бр.41а
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување по Предлог-иницијативата за годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година

ВРСКА: Ваш акт бр. 11-201/6-2018 од 14.09.2018 година

Почитувани,

Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации ја разгледа вашата Предлог-иницијатива за годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година:Реформирање на државното финансирање на граѓанските организации, во делот што се однесува на донесување на правно обврзувачки акт за спроведување на постапката за распределба на средства кои органите на државната управа ги распределуваат на граѓанските организации и во рамките на делокругот на своите надлежности ве известуваме за следното:

Владата на Република Македонија, на 93-та седница, одржана на 9.10.2018 година, ја усвои Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, која се темели на досега постигнатите резултати, но и разработува рамка за идни активности кои ќе овозможат понатамошно унапредување на соработката и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор. Во рамките на мерката 7 „Донесување на правно обврзувачки подзаконски акт за распределба на средства на граѓанските организации од јавни извори и унапредување на координацијата, како и транспарентноста и отчетноста во користењето на средствата, во согласност со усвоената законска регулатива за воспоставување

транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со формирање единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти“,преку консултативен процес со граѓанските организации (јавни консултации, тркалезни маси, тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор) предвидено е усвојување на подзаконски акт за доделување средства од јавни извори за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации, но рокот за реализација на оваа активност е предвиден за второто тромесечје од 2020 година.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

Подготвил: м-р Елпида Петковска
Контролирал: Сања Савовска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ- Филиповска